Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 5**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Избира и користи соодветни мисловни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката како дошол до одговорот (вежби) ИКТ** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Да може да ја реши (пресмета) задачата.<br>Да умее да запишува користени стратегии за полесно пресметување на равенства.<br>Да умее да го образложи начинот на решавање и размислување.<br>Да разбира дека собирањето може да се врши во секој редослед, но и одземањето. | Можам да ја решам (пресметам) задачата.<br><br>Можам да запишам користени стратегии за полесно пресметување на равенства.<br><br><br>Можам да го образложам начинот на решавање и размислување.<br>Знам дека собирањето се врши во секој редослед, но не и одземањето. | Наставникот на табла запишува 2 + 3 + __ = 10. Еден ученик излегува и решава.<br>Учениците се делат во групи и секоја група добива задача – им се чита и на бел лист треба да ја решат задачата. По еден член од секоја група излегува и ја решава задачата на табла. Другите групи внимаваат дали е точна.<br>Треба во секој ред и колона да добијат одреден број, пр. 10 (11, 15...). Учениците индивидуално ги решаваат задачите и објаснуваат на табла како дошле до резултатот. Низ училницата се наоѓаат капачиња, кутии или садови, секој со броевите од 0 до 10 во нив. Се поттикнуваат учениците да собираат различни броеви по свој избор на лист хартија. Пополнуваат колку што може повеќе! Учениците со поттикнување ќе бидат креативни колку што можат, на пример 9 + 2 + 6 + 1 или 8 + 5 + 3 + 5 + 2 + 6. Штом ќе истече времето, презентираме кои броеви сме ги извлекле, учениците зборуваат за стратегиите на пресметувањето што го прават, вклучувајќи броење нанапред, комбинирање, удвојување (за собирање) или броење наназад, одземање или преполовување (за одземање) и дали се точни задачите. Потоа наставникот покажува како две различни равенства се еднакви на други и ги запишува на табла, на пример<br>2 + 5 + 0 + 7 + 5 = 20 – 1. | Метод на разговор<br>Заедничка<br>Индивидуална<br>Групна<br>Метод на работа, разговор, покажување<br>http://www.oswego.org/ocsd-web/games/SumSense/sumadd.html | Капачиња, кутии или садови<br>http://www.oswego.org/ocsd-web/games/SumSense/sumadd.html<br><br>Бели листови<br>Прибор за работа | Набљудување<br>Дискусија<br>Усни одговори<br><br><br><br>Усни одговори<br><br><br><br>Точно решени задачи<br>Дискусија |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Забелешка: Наставникот при индивидуалната работа ги следи користените стратегии за пресметување на равенствата и насочува, доколку некаде се појави потреба. | | | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 5**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Составување равенки - вежби** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br>Воведен дел<br><br><br><br><br><br>20 мин.<br>Главен дел<br><br>10 мин.<br>Завршен дел | Ја препознава примената на симболите или триаголник за да прикаже непознати броеви, на пример: + = 10.<br><br>Умее да решава равенки.<br><br>Избира и користи соодветни мисловни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката како дошол до одговорот. | Можам со симболите или триаголник да прикажам непознати броеви.<br><br><br><br><br>Можам да решавам равенки.<br><br>Можам да ја објаснам постапката за дадениот одговор. Можам да го образложам начинот на решавање и размислувањето. | Наставникот демонстрира - имам 4 коцки, џамлии... уште колку ми требаат за да имам 10 и сл. Изразот се запишува на табла, така што на местото на непознатата ставаме симбол (квадратче, триаголник).<br>Се истакнува целта на часот.<br>Ги пишуваме сите можности за наоѓање непознати броеви до 10. Учениците решаваат равенки со собирање кои се напишани на табла во врска со паровите броеви до 20. Потоа ги користиме познатите факти за броевите и познавањето на месната вредност на броевите за да решаваме задачи каде непознатиот број е на различно место во бројниот израз.<br>На табла запишувам задачи со една непозната. Учениците ја претставуваат во своите тетратки, а потоа вршиме заедничка проверка на табла. Доколку има нешто нејасно, дообјаснувам. | Заедничка<br>Метод на покажување<br><br><br>Индивидуална<br>Метод на објаснување<br><br><br>Индивидуална<br>Разговор | Ситни предмети<br>Табла<br><br><br><br>Табла<br>Тетратки<br><br><br><br>Тетратки | Набљудување<br>Усни одговори<br>Решени задачи |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Во воведниот дел учениците заедно со наставникот вршат повторување на изучениот материјал.<br>Во главниот дел заедно пишуваме равенки на табла и ги решаваме.<br>Во завршниот дел учениците индивидуално решаваат задачи во тетратка. | Забелешка: Во завршниот дел при решавање на задачите наставникот оди од ученик до ученик и проверува дали учениците правилно ја пополнуваат задачата, така што помага на оние ученици кои имаат потешкотии. | Уште колку, непозната, симболи. |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 5**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Најди ги броевите што недостасуваат** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br>Воведен дел<br><br>20 мин.<br>Главен дел<br><br>10 мин.<br>Завршен дел | Ја препознава примената на симболите или триаголник за да прикаже непознати броеви, на пример: + = 10.<br><br>Умее да решава равенки.<br><br>Избира и користи соодветни мисловни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката како дошол до одговорот. | Можам со симболите или триаголник да прикажам непознати броеви.<br><br>Можам да решавам равенки.<br><br>Можам да ја објаснам постапката за дадениот одговор. Можам да го образложам начинот на решавање и размислувањето. | Наставникот демонстрира - имам 7 коцки, уште колку ми требаат за да имам 15 и сл. Изразот се запишува на табла, така што на местото на непознатата ставаме симбол (квадратче, триаголник).<br>Се истакнува целта на часот.<br>Активности во математиката на страна 50 - дополнување на броеви и знаци за да биде точно.<br>Самостојна активност - решавање на задачи со непозната со примена на симболите - квадратче или трисголник.<br>Текстуална задача: Намаленикот е 15, а разликата е 6. Колку е намалителот? | Заедничка<br>Метод на покажување<br><br>Индивидуална<br>Метод на објаснување<br><br>Индивидуална<br>Разговор | Ситни предмети<br>Табла<br><br>Табла<br>Математика | Набљудување<br>Усни одговори<br>Решени задачи |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Во воведниот дел учениците заедно со наставникот вршат повторување на изучениот материјал.<br>Во главниот дел заедно работиме со активностите од учебникот.<br>Во завршниот дел учениците индивидуално решаваат задачи во тетратка. | Забелешка: Индивидуална работа со оние ученици кои имаат потешкотии во активноста. | Уште колку, непозната, симболи. |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 5**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Текстуални задачи со една или две математички операции** | | **Одделение: II** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br>Воведен дел | Да умее да реши едноставна текстуална задача со собирање и одземање | Можам да решам едноставна текстуална задача со собирање и одземање. | Воведување во активноста преку приказна измислена од наставникот: Имав 5 бонбони. Мама ми даде уште 7. Сега имам 12 бонбони. На Ана ѝ дадов 4. Ми останаа уште 8.<br>Најавување на целта. | Заедничка | Табла | Набљудување<br>Дискусија<br>Усни одговори |
| 20 мин.<br>Главен дел | Да избира и користи соодветни мисловни стратегии за пресметување и да ја објасни постапката како дошол до одговорот. | Можам да изберам и користам соодветни мисловни стратегии за пресметување и да ја објаснам постапката како дојдов до одговорот. | На табла решаваме неколку едноставни текстуални задачи со собирање и одземање:<br>Мила имала 12 моливчиња. Ема ѝ дала уште 20. Колку вкупно моливчиња има Мила?<br>На паркиралиштето биле паркирани 8 автомобили. Си заминале 3. Уште колку автомобили останале на паркиралиштето?<br>Потоа учениците во парови составуваат текстуални задачи. На табла го поставувам изразот: 6 + __ = 12... Врз основа на овие изрази, паровите измислуваат текстуална задача преку приказна. | Индивидуална<br>Во парови | Табла<br>Тетратки<br>Листови | Набљудување<br>Усни одговори<br>Писмен одговор |
| 10 мин.<br>Завршен дел | | | Презентација на паровите и проверка на точноста на задачите на табла со објаснување за користените стратегии за полесно пресметување и дискусија за истите. | Во парови<br>Заедничка | Табла | Презентација<br>Дискусија |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Во воведниот дел учениците заедно со наставникот решаваат текстуална задача. | | | Забелешка: Наставникот при групната работа на учениците ги следи и насочува, доколку некаде се јави потреба. | | Колку останаа, колку вкупно, решение. | |

obrazovanie.literatura.mk